РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 04-1576/2
20-02-2026 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 30 став 3 и член 48 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/21, 99/22 и 208/24) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Службен весник на Република Македонија бр.11/2015 и 35/2018), Градоначалникот на општина Струмица објавува

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ-01/2026
за унапредување на административен службеник
во општинската администрација на општина Струмица

**1.УПР0101В01000 Советник – Внатрешен ревизор, Одделение за внатрешна ревизија, ...............................................................................................(1) извршител**

- **Општи услови**
  - да е државјанин на Република Македонија,
  - активно да го користи македонскиот јазик,
  - да е полнолетен,
  - да има општа здраствена способност за работното место,
  - со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

- **Посебни услови**
  - ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, „Економски науки, Организациони науки и управување (менаџмент) или Правни науки“.
  - најмалку 3 (три) година работно искуство во струката

  **Други посебни услови**

  - Работно искуство од најмалку две години во областа на внатрешната или надворешната ревизија

- **Општи работни компетенции**
  - Решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
  - учење и развој
  - комуникација
  - остварување резултати
  - работење со други или тимска работа
  - стратешка свест
  - ориентираност кон странките, односно засегнати страни
  - финансиско управување.
- **Посебни работни компетенции**
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

Распоред на работно време

- Работни денови понеделник-петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 08:00 до 16:00 часот

Паричен нето износ на плата: 46.828,00 денари

..........................................................................................................................................................

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во истата институција кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место согласно актот за систематизација како и

- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување на кое бил оценуван,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас.
- да поминал најмалку две години на истото ниво и

да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Интерниот оглас да биде објавен на 27.02.2026 година и истиот да трае 5 дена од денот на неговото објавување.

Заинтересиранте административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на општина Струмица, до одделението за човечки ресурси.

Ненавремена, нецелосна и неуредна пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Градоначалник
на Општина Струмица
Петар Јанков